**Информација за остварените приходи од продажба во сегмент фармација за период 01.01. - 31.03. 2024 година**

Во периодот од 01.01. до 31.03.2024, друштвото Реплек АД реализираше вкупни приходи од продажба од 381 милиони денари (*6.2 милиони евра*) и истите претставуваат 26.9% раст во однос на истиот период во 2023. Со ова е постигнат најуспешниот прв квартал во историјата на работењето на друштвото.

Според последните предвидувања за 2024, на ниво на година очекуваните приходи од продажба остануваат на ниво на објавениот Финансиски план и се очекува вкупна продажба од 31 милион евра за цела година или 23.5% зголемени приходи од продажби во однос на 2023.




**Приходите од продажба по географски сегменти**:

По географски сегменти, поделбата помеѓу странски и домашен пазар е прикажан во продолжение:

***Приходите од продажба на странските пазари***

Приходите од продажба на странските пазари изнесуваат 312.2 милиони денари (*5.07 милиони евра*) и истите се зголемени за 23% во однос на истиот период во 2023.
По региони продажбите во Q1 2024 во однос на Q1 2023 се прикажани во табелата подолу:



| Приходи од продажба '000 МКД | Q1 2023 | Q1 2024 | промена % |
|---|---|---|---|
| ЗНД | 152.725 | 202.920 | 33% |
| Африка и Близок Исток | 34.937 | 56.802 | 63% |
| Југоисточна Европа | 38.802 | 44.492 | 15% |
| Југоисточна Азија | 5.599 | 8.031 | 43% |
| ЕУ | 22.476 | 0 | -100% |
| **Вкупно** | **254.539** | **312.246** | 23% |

**Забелешка:** Врз основа на веќе потврдени нарачки, првите испораки на пазарите во Европска Унија ќе бидат реализирани во Q2 2024.

***Приходите од продажба на домашен пазар***

- Приходите од продажба на домашен пазар изнесуваат 69 милиони денари (*1.12 милиони евра*) и истите се зголемени за 50% во однос на истиот период во 2023.




Во Q1 2024 година, друштвото Реплек АД ја прошири својата географска присутност со реализација на првиот извоз кон новиот пазар во Туркменистан. Амбициозните планови за овој пазар се поддржани од очекувањата за приходи од продажба во висина од 1 милион евра во текот на 2024 година. Со оглед на овие развојни настани, Реплек АД и понатаму останува посветен на стратегијата за раст, одржувајќи го планот за распределба на приходите од 75% од извоз и 25% од продажба на домашниот пазар.